Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr. УП1 14-720
13-05-2019
Скопје - Shkup

Самостојна висока стручна школа
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ - БАС
СКОПЈЕ

| Примено: 14.05.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0302- | 132/4 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии по Стратегиски менаџмент на Високата стручна школа Бизнис академија Смилевски - БАС Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии по Стратегиски менаџмент на Високата стручна школа Бизнис академија Смилевски - БАС Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Приватната висока стручна школа Бизнис академија Смилевски - БАС Скопје се обрати со барање бр. 0302-132/2 од 26.03.2019 година, под наш УП1 бр. 14-720 од 27.03.2019 година, до Министерството за образование и наука, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Стратегиски менаџмент на Високата стручна школа Бизнис академија Смилевски - БАС Скопје, по добиеното Решение за акредитација со бр. 1409-396/3 од 22.03.2019 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-720 од 01.04.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Стратегиски менаџмент на Високата стручна школа Бизнис академија Смилевски - БАС Скопје.

Комисијата на ден 09.04.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-721/3 од 16.04.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Стратегиски менаџмент на Високата стручна школа Бизнис академија Смилевски - БАС Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР/MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Именуваните
- Архива

Подготвил: м-р Јорданчо Попоски
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti